# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на НРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 26 јануари 1962
Скопје
Број 2 Год. XVIII

Претплатата за 1962 год. изнесува 1.800 дин. Овој број чини 32 дин. Жиро сметка број 802—11/1—698.


3.

На основа член 31 од Законот за претпријатијата за патишта („Службен лист на ФНРЈ" бр. 27/61), Извршниот совет донесува

### УРЕДБА
### ЗА ОСНОВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИ ФОНД ЗА ПАТИШТА

Член 1

Се основа Републички фонд за патишта (во понатамошниот текст: фонд).

Фондот располага со средствата што на Народна Република Македонија и припаѓаат според прописите за расподелба на средствата за патишта донесени врз основа на Законот за претпријатијата за патишта и со средствата што ќе му ги намени Народна Република Македонија.

Член 2

Фондот има својство на правно лице.

Член 3

Во располагањето со средствата фондот ги има правата и обврските утврдени за Народна Република Македонија со Законот за претпријатијата за патишта и прописите донесени врз основа на него.

Член 4

Со фондот управува Управен одбор.

Управниот одбор на фондот се состои од 9 члена, од кои 5 члена именува Извршниот совет и по еден свој претставник делегираат: Индустриската комора на НРМ; Републичката секција за патен сообраќај на Сојузната сообраќајна комора; Здружението на возачите на Народна Република Македонија и Друштвото за патишта на Народна Република Македонија.

Член 5

Со работата на Управниот одбор раководи претседател, кого Управниот одбор го избира од редот на своите членови.

Член 6

Административните и сметководните работи на фондот ги врши републичкиот орган на управата надлежен за работите на сообраќајот.

Член 7

Со денот 31. XII. 1961 година се укинува Фондот за патишта на НР Македонија, образуван со точка 6 на глава XIX од Општествениот план на Народна Република Македонија за 1956 година.

Имотот, правата и обврските на укинатиот Фонд за патишта на НР Македонија се пренесуваат на Републичкиот фонд за патишта.

Член 8

Оваа уредба влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија", а ќе се применува од 1. I. 1962 година.

Бр. 09—3951/1
26 декември 1961 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар,
**Филип Брајковски**, с. р.

Потпретседател,
**Ристо Џунов**, с. р.

---

4.

На основа член 52 од Законот за државната управа („Сл. лист на ФНРЈ" бр. 13/56), Извршниот совет донесува

### УРЕДБА
### ЗА ПРЕСТАНОК СО РАБОТА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ПАТИШТА И ТЕХНИЧКИТЕ СЕКЦИИ ЗА ПАТИШТА

Член 1

Дирекцијата за патишта, утврдена со чл. 82 од Законот за органите на управата во Народна Република Македонија („Службен весник на НРМ" бр. 14/56), престанува со својата работа на 31. XII. 1961 година.

Техничката секција за патишта во Скопје, Техничката секција за патишта во Битола, Техничката секција за патишта во Титов Велес и Техничката секција за патишта во Штип, утврдени со Уредбата за техничките секции за патишта („Службен весник на НРМ" бр. 21/57) престануваат со својата работа на 31. XII. 1961 година.

Член 2

Имотот на Дирекцијата за патишта се пренесува на Заедницата на претпријатијата за патишта на НР Македонија без надоместок.

Имотот на Техничката секција за патишта во Скопје се пренесува на Претпријатието за јавни патишта од I и II ред во Скопје, без надоместок.

Имотот на Техничката секција за патишта во Битола се пренесува на Претпријатието за јавни патишта од I и II ред во Битола, без надоместок.

Имотот на Техничката секција за патишта во Титов Велес се пренесува на Претпријатието за јавни патишта од I и II ред во Титов Велес, без надоместок.

Имотот на Техничката секција за патишта во Штип се пренесува на Претпријатието за јавни патишта од I и II ред во Штип, без надоместок.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 09—3950/1
26 декември 1961 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, **Филип Брајковски,** с. р.
Потпретседател, **Ристо Џунов,** с. р.

**5.**

На основа член 73 став први од Основниот закон за изградба на инвестиционите објекти, Извршниот совет донесува

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОБЈЕКТИ И РАБОТИ ЧИИ ИНВЕСТИЦИОНИ ПРОГРАМИ ЌЕ ГИ ОДОБРУВА ОДБОРОТ ЗА СТОПАНСТВО НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за определување објекти и работи чии инвестициони програми ќе ги одобрува Одборот за стопанство на Извршниот совет („Службен весник на НРМ" бр. 23/58 и 38/59).

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 09—69/1
26 декември 1961 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, **Филип Брајковски,** с. р.
Потпретседател, **Ристо Џунов,** с. р.

**6.**

На основа член 45 став 1 од Законот за претпријатијата за патишта („Службен лист на ФНРЈ" бр. 27/61), Извршниот совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ЗА ПАТИШТА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За членови на Управниот одбор на Заедницата на претпријатијата за патишта на НР Македонија се именуваат и тоа:

— НАКЕ КОСТОВСКИ, народен пратеник;
— БОЖИДАР МИРЕВСКИ, службеник на Републичката секција за патен сообраќај на Сојузната сообраќајна комора;
— МИЛЕ СТЕФАНОВСКИ, член на Републичкиот одбор на Синдикатот на сообраќајните работници;
— ЉУБЕ ЗАФИРОВ, пом. секретар на Индустриската комора на НРМ.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 09—68/1
26 декември 1961 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, **Филип Брајковски,** с. р.
Потпретседател, **Ристо Џунов,** с. р.

**7.**

На основа член 47 од Основниот закон за заштита на добитокот од заразните болести („Службен лист на ФНРЈ" бр. 26/54), член 6 и 10 од Законот за заштита на добитокот од заразните болести („Службен весник на НРМ" бр. 9/56), Секретаријатот за земјоделство и шумарство на Извршниот совет донесува

## НАРЕДБА
## ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ДОБИТОКОТ ОД ЗАРАЗНИТЕ БОЛЕСТИ ВО 1962 ГОДИНА

I

По одредбите на оваа наредба народните одбори на општините и околиите во 1962 година ќе ги организираат и спроведуваат потребните мерки за спречување на следните добиточни заразни болести:

1. Бес
2. Туберкулоза
3. Бруцелоза
4. Антракс
5. Шушкавец
6. Чума по свињите
7. Црвен ветер по свињите
8. Краста
9. Чума по птиците
10. Сакагија
11. Заразна кривотница кај овците
12. Енторотоксемија кај овците и заразен пролив кај јагнињата
13. Заразна агалакција кај овците
14. Тифус кај домашните птици и болеста дрекавица кај пилињата
15. Белодробна стронгилоза и стомачно цревни паразити кај овците
16. Пироплазмоза
17. Заразните болести кај пчелите.

II

**1. Бес**

а) Превентивно инжектирање на кучињата против бесот на целата територија на НР Македонија ќе се изврши до 15 април 1962 година.

б) Кучињата постари од три месеци кои не бидат инжектирани ќе се уништат.

в) Истовремено со инжектирањето против бесот ќе се врши и дехелминтизација на кучињата.

г) Повторна дехелминтизација ќе се изврши во периодот октомври—декември 1962 година.

**2. Туберкулоза**

а) Општа туберкулинизација на сите говеда ќе се изврши во земјоделски стопанства и задруги до 30. VI. 1962 година, како и на населбите што ќе ги одреди советот надлежен за работите на ветеринарството на народниот одбор на околијата односно Управата на ветеринарната служба на НР Македонија.

б) Нововнесените говеда во Републиката задолжително ќе се туберкулинизираат најдоцна два месеци од нивното внесување.

**3. Бруцелоза**

а) Во сите земјоделски стопанства и задруги до 30. VI. 1962 година, како и во населбите што ќе ги одреди советот надлежен за работите на ветеринарството на народниот одбор на околијата, односно Управата за ветеринарна служба на НР Македонија, ќе се зема крв од сите говеда и свињи за преглед на бруцелоза.

б) Во сите земјоделски стопанства и задруги ќе се изврши и повторно земање на крв од говедата и свињите за преглед на бруцелоза, шест месеци по првото земање.

в) Од сите нововнесени говеда и свињи во Републиката задолжително ќе се земе крв за преглед на бруцелоза најдоцна 21 ден од нивното внесување.

**4. Антракс**

а) Во сите дистрикти на антраксот ќе се изврши двократно инжектирање на добитокот против болеста антракс. Околискиот ветеринарен инспектор ќе одреди кои места на подрачјето на околијата се сметаат за антраксни дистрикти.

Регистрираните населби како дистрикти на антраксот во кои во последните 8 години не е установен антракс кај добитокот нема да се третираат како дистрикти на антраксот.

б) Првото превентивно инжектирање ќе се изврши најдоцна до 31 мај 1962 година, а второто најдоцна 6 месеци по првото.

**5. Шушкавец кај говедата**

а) Мерките пропишани за инжектирање на добитокот против антраксот ќе се применуваат и при превентивно инжектирање на говеда против шушкавецот.

**6. Чума по свињите**

а) Општо двократно инжектирање на свињите против чумата ќе се изврши во земјоделските стопанства и задругите, како и на сите свињи на подрачјето на Кумановска и Скопска околија, потоа на подрачјето на општините Берово, Делчево, Пехчево и Ново Село.

Задолжително двократно инжектирање ќе се изврши и во сите населби во кои чумата по свињите е установена во текот на 1961 година.

Првото превентивно инжектирање ќе се изврши најдоцна до 30 април 1962 година, а второто шест месеци по првото.

б) Превентивното инжектирање ќе се врши со кристал виолет вакцина.

Ослабени односно атенуирани вируси можат да се употребуваат само по специјално одобрување од Управата за ветеринарна служба при Секретаријатот за земјоделство и шумарство на Извршниот совет.

в) Во случај на појава на чума по свињите, сите свињи во незаразените дворови во населбата ќе се инжектираат превентивно против чумата, а во заразените дворови ќе се примени колење и др. ветеринарно-санитарни мерки, според постојните прописи.

г) Свињите кои се тераат на заедничко пасиште мораат предварително да бидат заштитно инжектирани најмалку 21 ден пред тргнувањето.

д) Свињите кои се тераат, или транспортираат од една околија во друга, ако служат за натамошно одгледување, пред тргнувањето односно утоварот треба задолжително да се серумираат доколку не се превентивно заштитени.

**7. Црвен ветар по свињите**

а) Превентивно ижектирање на свињите против црвениот ветар кај свињите ќе се изврши во населбите и земјоделските организации што се загрозени со црвен ветар кај свињите.

Надлежниот околиски ветеринарен инспектор ќе ги одреди населбите и земјоделските организации што се сметаат за загрозени.

**8. Краста**

а) Во подрачјето во кои крастата владееше во текот на 1961 година, најдоцна до крајот на април 1962 година ќе се изврши преглед на добитокот за краста.

До 15 октомври 1962 година ќе се изврши двократно капење на овците од сите стада во кои беше установена крастата во текот на 1961 година, односно во кои ќе биде таа установена до 15 октомври 1962 година.

б) Овците од стадата што одат на летна испаша и во кои имало краста во 1961 година односно во кои ќе се појави таа во периодот пред тргнувањето на летна паша, задолжително треба да се искапат најмалку еднаш уште дури се на зимните пасишта.

На стадата овци кои подлежат на капење од претходниот став, доколку не бидат искапени, надлежните ветеринарни инспектори не смеат да издадат уверенија за здравственост.

**9. Чума по птиците**

а) Задолжително превентивно инжектирање на кокошките против чумата со муктезар вакцина ќе се изврши во времето од 1 октомври до 31 октомври 1962 година.

б) Во загрозените населби од чума по домашните птици советот надлежен за работите на ветеринарството на народниот одбор на општината може да одреди превентивна вакцинација на домашните птици против чумата во секое друго време.

в) Во случај појава на чума сите кокошки во незаразените дворови во населбата ќе се инжектираат превентивно против чумата, а во заразените дворови ќе се примени колење и други ветеринарно-санитарни мерки според постојните прописи.

г) Во земјоделските стопанства и задругите што се занимаваат со одгледување на кокошки ќе се изврши задолжително инжектирање на пилињата против чумата.

**10. Сакагија**

а) Во земјоделските стопанства и задругите задолжително ќе се изврши офталмомаленизација и земање на крв за преглед на сакагија од сиот еднокопитен добиток.

б) Шумските и другите работилишта што работат со еднокопитен добиток должни се да преземаат мерки ангажираните коњи да бидат прегледани за сакагија. Негативниот резултат ветеринарната станица го забележува на пасошот или на сопственикот на добитокот му издава потврда.

в) Лицата што стално се предвижуваат со еднокопитен добиток од една околија во друга околија, должни се тој добиток да го подвргнат на преглед на сакагија најмалку двапати годишно. Негативниот резултат ветеринарната станица ќе го забележи на грбот на пасошот или на сопственикот ќе му издаде потврда.

**11. Заразна кривотница кај овците**

Ќе се изврши преглед на сите стада овци сомнителни на заразната кривотница и лекување на овците во стадата за кои се утврди дека се заразени со заразната кривотница.

На лекување подлежат сите овци во заразеното стадо.

**12. Ентоτотоксемија кај овците и заразен пролив кај јагнињата**

Ќе се изврши заштитно инжектирање на овците против ентеротоксемијата и заразниот пролив кај јагнињата во подрачјата каде тие се јавуваат.

Околиските ветеринарни инспектори ќе ги одредат населбите и земјоделските организации каде ќе се врши инжектирањето од претходниот став.

**13. Заразна агалакција кај овците**

Во случај на појава на агалакција кај овците ќе се преземат најригорозни мерки за нејзиното искоренување во заразените дворови и стопанства спрема постојните прописи.

**14. Тифус кај домашните птици и бела дрскавица кај пилињата**

Во борбата против тифусот кај домашните птици и болеста дрскавица кај пилињата ќе се постапува во се спрема Наредбата за спречување и отстранување на тифусот кај кокошките и белата дрскавица кај пилињата („Службен весник на НРМ" бр. 23/57).

**15. Белодробна стронгилоза и стомашно цревни паразити кај овците**

Лекувањето на овците против белодробната стронгилоза и стомашно цревните паразити ќе се врши во населбите каде тие ќе се појават.

За оваа цел е потребна претходна согласност на околискиот ветеринарен инспектор.

**16. Пироплазмоза**

Во времето од месец мај до месец септември 1962 година ќе се изврши двократно капење со противкрлежни средства на сите овци и овни од расата мерино и мерино мелези, односно на сите внесени говеда.

**17. Заразни болести кај пчелите**

Ќе се изврши преглед на сите кошници и сандаци пчели во општествените и задружните стопанства, а спрема можностите и во индивидуалните стопанства.

III

Установувањето и објавувањето на болестите од точка I на оваа наредба, со исклучение на туберкулозата, кога таа се установува со туберкулинизација, се врши врз основа на лабораториски налаз на една од признатите ветеринарни дијагностички институти односно ветеринарно-дијагностички станици во земјата.

IV

Евиденција за спроведување на мерките одредени со оваа наредба се води со установените обрасци.

Во рок од 10 дена од свршетокот на секоја од напред наброените мерки, ветеринарната станица доставува извештај до општинскиот и околискиот ветеринарен инспектор, а во рок од 20 дена од свршувањето на акцијата околискиот ветеринарен инспектор за своето подрачје доставува сумарен извештај до Управата за ветеринарна служба на Секретаријатот за земјоделство и шумарство на Извршниот совет.

V.

Оваа наредба влегува во сила од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 12—3260
30-XII-1961 година
Скопје

Секретар
за земјоделство и шумарство
на Извршниот совет,
**Салтир Путински,** с. р.

# Огласен дел

## ПРОМЕНИ НА ИМИЊА

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-23096/1 од 16 декември 1961 година, ја одобри промената на личното име на Хамза Јонуз, роден на 3 февруари 1939 година во село Калишта, Охридска околија, од татко Хамза Ешреф и мајка Зумриша, така што во иднина личното име ќе му гласи **Даути Изби.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (13)

---

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-23096/1 од 16 декември 1961 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Хамза Некије, родена на 7 октомври 1939 година во село Калишта, Охридска околија, од татко Реџепи Џеладин и мајка Муневер, така што во иднина фамилијарното име ќе ѝ гласи **Даути.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (14)

---

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-20022/1 од 18 ноември 1961 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Тефику Накил, роден на 15 ноември 1934 година во с. Речане, Тетовска околија, од татко Шефи и мајка Сафије.

Тефику Незаќет, родена на 3 јуни 1934 година во с. Речане, Тетовска околија, од татко Ајдин и мајка Сулбије, така што во иднина фамилијарното име ќе им гласи **Алиу.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (15)

---

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-22727 од 20 ноември 1961 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Саиди Назмије, родена на 6 октомври 1929 година во гр. Г. Карачево, Кос. Каменица, од татко Рамиз и мајка Ханумшах, ттака што во иднина фамилијарното име ќе ѝ гласи **Река.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (16)

---

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-22726 од 21 ноември 1961 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Саиди Хамза, роден на 10 април 1925 година во гр. Тетово, од татко Хасан и мајка Хуриуз, така што во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Река.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (17)

---

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-138/1 од 9 јануари 1962 година, ја одобри промената на фамилијарното име на Филипов Тодор, роден на ден 18 февруари 1936 година во Скопје, од татко Ѓорѓи и мајка Наса, така што во иднина фамилијарното име ќе му гласи **Митков.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (18)

---

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-25224 од 25 декември 1961 година, ја одобри промената на личното име на Неделковски Методија, роден на ден 31 јануари 1935 година во с. Слојштица, Битолска околија, од татко Неделковски Стојан и мајка Јасна, така што во иднина личното име ќе му гласи **Видановски Мито.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (19)

---

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-25226 од 25 декември 1961 година, ја одобри промената на роденото име на Стојановска Ковиљка, родена на ден 24 декември 1936 година во с. Ново Село, Штипска околија, од татко Хаџи Коцев Страхил и мајка Хаџи Коцева Коца, така што во иднина роденото име ќе ѝ гласи **Корнелија.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (20)

---

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-25227 од 25 декември 1961 година, ја одобри промената на роденото име на Петрушева Кошута, родена на 10 мај 1910 година во с. Јеловица, Пиротска околија, НР Србија, од татко Костиќ Тодор и мајка Костиќ Анѓа, така што во иднина роденото име ќе ѝ гласи **Каја.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (21)

---

Државниот секретаријат за внатрешни работи на НРМ, со решението бр. 20-25225 од 25 декември 1961 година, ја одобри промената на личното име на Малиновиќ Радослав, роден на ден 11 јануари 1920 година во гр. Скопје, од татко Димитрија и мајка Роса, така што во иднина личното име ќе му гласи **Јаневски Славко.**

Оваа промена важи од денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ". (22)

---

## РЕГИСТРАЦИИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 725, страна 127, свеска III, е запишан под фирма: Осигурителен завод за подрачјето на општините од Скопска околија — Скопје. Предмет на работењето на заводот е: а) спроведува обавезни осигурувања, одредени со сојузен закон; б) спроведува доброволни осигурувања, одредени со заклучок на Југословенската заедница на осигурување; в) спроведува доброволни осигурувања, одредени со заклучок на Републичката заедница на осигурување; г) спроведува доброволни осигурувања со заклучок на Заводот; д) организира и спроведува превентивни и репресивни мерки предвидени во член 33 од Законот за осигурителните заводи и заедници на осигурување.

Заводот е основан со решението на Народниот одбор на општината Кале — Скопје бр. 563 од 12-XII-1961 година.

Заводот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето Јово Стефановски, в. д. директор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 784/61. (29)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 12-X-1960 година, рег. бр. 22/60, свеска II, е запишана под фирма: Продавница за чевли, со седиште во Ресен, на Фабриката за чевли „Пролетер" од Белград. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на чевли, производство на самата фабрика.

Продавницата е основана од Фабриката за чевли „Пролетер" од Белград, а согласно со одобрението на НО на општината Ресен бр. 05-8141/1 од 13-VIII-1960 година.

Продавницата ќе ја потпишува раководителот Киро Боримечковски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 476/60. (1645)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 30-IX-1960 година, рег. бр. 21/60, свеска II, е запишана под фирма: Откупна станица, со седиште во Струга, на Трговското претпријатие „Отпад" од Скопје. Предмет на работењето на станицата е: откуп и продажба на отпадоци.

Откупната станица е основана од Трговското претпријатие „Отпад" од Скопје, а согласно со одобрението на НО на општината Струга бр. 07-7153/1 од 29-VII-1960 година.

Откупната станица ќе ја потпишува раководителот Тупанчевски Славе.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 465/60. (1648)

## ПРОМЕНИ ВО РЕГИСТАРОТ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 196, страна 523 е запишано следното: Досегашниот директор на Конфекционата фабрика „Македонија" во Скопје Христовски Киро, со решение на Народниот одбор на општината Идадија — Скопје бр. 16947 од 21-XI-1959 година, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За в. д. директор на фабриката, со решение на Народниот одбор на општината Идадија — Скопје бр. 16947/2 од 25-XI-1959 година, е назначен Петровски Томе. Тој фабриката ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со старите потписници Божиновска Коста Драгица, шеф на сметководството, и Петровски Борче, технички раководител, сметано од 15-XII-1959 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 966/59. (62)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 175, страна 471, е запишано следното: Војислав Тодоровиќ, досегашен потписник на Претпријатието за обработка на тутун — Тетово, поради пензионирање се брише како потписник.

За нов потписник на претпријатието е назначен Јошко Томов Ивановски, сметано од 9-III-1960 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 166/60. (547)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 18-V-1959 година на страна 75, под рег. бр. 5 е запишано следното: Со решението на Народниот одбор на општината Ново Село бр. 05-284/1 од 18-III-1959 година се дополнува дејноста на Земјоделската задруга „Карпуш", с. Бајково, Штипско, и со трговска дејност од индустриски стоки за снабдување на населението од своето подрачје.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 157/59. (745)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 73, страна 287 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Орашец бр. 892 од 31-III-1960 год. кон Земјоделската задруга „Велко Стаменков", с. Орашец, Кумановско, се припојуваат Земјоделската задруга „Тодор", с. Шупли Камен и Стопанското претпријатие за производство на тутун „Островица", с. Орашец, сметано од 31-III-1960 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје Фи бр. 274/60. (558)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 197, страна 581 е запишано следното: Се брише од регистарот на претпријатијата и дуќаните Стопанското претпријатие за производство на тутун „Островица", село Орашец, Кумановско, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Орашец бр. 892 од 31-III-1960 година е припоено кон Земјоделската задруга „Велко Стаменков", с. Орашец, Кумановско, сметано од 31-III-1960 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 275/60. (559)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 37, страна 143 е запишано следното: Се брише од регистарот на задругите Земјоделската задруга „Тодор", с. Шупљи Камен, Кумановско, бидејќи со решението на Народниот одбор на општината Орашец бр. 892 од 31-III-1960 година е припоена кон Земјоделската задруга „Велко Стаменков", с. Орашец, сметано од 31-III-1960 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 276/60. (560)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 80, страна 355 е запишано следното: Се брише од регистарот на задругите Продавницата број 3 во

Скопје на Општиот деловен задружен сојуз „Задружно дело“ од Скопје, согласно со решението на Народниот одбор на општината Кале — Скопје бр. 557 од 29-III-1960 година, сметано од 4-V-1960 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 309/60 година. (598)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 107, страна 299 е запишано следното: Драги Лазаревски, досегашен директор на Трговското претпријатие на големо и мало „Ангросервис“, Куманово, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на претпријатието со решение на Народниот одбор на општината Куманово бр. 6215/1 од 8-IV-1960 година, е назначен Стојко Д. Цеков. Тој претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со старите потписници Рамиз Шакири и Бранко Цартовски, сметано од 28-IV-1960 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 295/60. (607)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 31, страна 81 е запишано следното: Досегашниот раководител на Претставништвото во Скопје на Трговското претпријатие на големо „Ангроснабдител“ — Куманово Трпе Сотир Кесиков и службеникот во претставништвото Ташко Ставре Лазаровски се разрешени од должност и им престанува правото за потпишување.

За нов раководител и потписник на претставништвото во Скопје е назначен Борис Шољаковски, сметано од 12-V-1960 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 340/60. (611)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека од регистарот на стопанските организации на 26-I-1960 година од рег. бр. 110, свеска I се брише Самостојниот угостителски дуќан „Буково“, со седиште во Битола, поради припојувањето кон Угостителското претпријатие „Трудбеник“ — Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 53/60. (626)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека од регистарот на стопанските организации на 25-I-1960 година од рег. бр. 79, свеска I се брише Самостојниот угостителски дуќан „Морихово“, со седиште во Битола, поради припојувањето кон Угостителското претпријатие „Трудбеник“ — Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 22/60. (627)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека од регистарот на стопанските организации на 25-I-1960 година од рег. бр. 77, свеска I се брише Самостојниот угостителски дуќан „Суводол“, со седиште во Битола, поради припојувањето кон Угостителското претпријатие „Трудбеник“ — Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 21/60. (628)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека од регистарот на стопанските организации на 25-I-1960 година од рег. бр. 67, свеска I се брише Самостојниот угостителски дуќан-кафеана „Париз“, со седиште во Битола, поради припојувањето кон Угостителското претпријатие „Трудбеник“ — Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 20/60. (629)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека од регистарот на стопанските организации на 25-I-1960 година од рег. бр. 65, свеска I се брише Самостојниот угостителски дуќан „Турска кујна“, со седиште во Битола, поради припојувањето кон Угостителското претпријатие „Трудбеник“ — Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 19/60. (630)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека од регистарот на стопанските организации на 25-I-1960 година од рег. бр. 59, свеска I се брише Самостојниот угостителски дуќан „Дихово“, со седиште во Битола, поради припојувањето кон Угостителското претпријатие „Трудбеник“ — Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 18/60. (631)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека од регистарот на стопанските организации на 29-II-1960 година од рег. бр. 5/56, свеска V се брише Самостојниот занаетчиски дуќан „Сода-вода“, со седиште во Кичево, поради припојувањето кон Слаткарското претпријатие „Вардар“ од Кичево.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 82/60. (643)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека од регистарот на стопанските организации на 18-II-1960 година од рег. бр. 15/56, свеска II се брише Услужното претпријатие за колење на жива стока, со седиште во Прилеп, поради припојувањето кон Трговското претпријатие „Црници“ од Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 49/60. (655)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека од регистарот на стопанските организации на 18-II-1960 година од рег. бр. 17/56, свеска II се брише Трговското претпријатие „Бабуна“, со седиште во Прилеп, поради припојувањето кон Трговското претпријатие „Црници“ од Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 48/60. (656)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека од регистарот на стопанските организации на 18-II-1960 година од рег. бр. 1/56, свеска II се брише Трговското претпријатие за промет со риби „Охридско Езеро“, со седиште во Прилеп, поради припојувањето кон Трговското претпријатие „Црници“ од Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 47/60. (657)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека од регистарот на стопанските организации на 30-I-1960 година од рег. бр. 71, свеска III се брише Трговското претпријатие „Стандард", со седиште во Струга, поради припојувањето кон Трговското претпријатие „На-Ма", со седиште во Струга.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 55/60. (660)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 20-IV-1960 година под рег. бр. 7/56, свеска II е запишано следното: Исеин Акифовски, потписник на Земјоделската задруга „Нико Доаѓа" од село Житоше, Битолска околија, е разрешен од должност. Се овластува лицето Осман Садрик да ја потпишува задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 266/60. (671)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 20-IV-1960 година под рег. бр. 82, свеска I е запишано следното: Им престанува правото за потпишување на Дамчевски Јордан и Стефановски Ристо досегашни потписници на Земјоделската задруга „Караорман" од село Струговo, Битолска околија, а се овластуваат лицата Ангеловски Јосиф и Велевски Трајан да ја потпишуваат задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 259/60. (674)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 14-V-1960 година под рег. бр. 63, свеска I е запишано следното: Им престанува овластувањето за потпишување на Јонче Вељановски и Трајче Секуловски, досегашни потписници на Земјоделската задруга „Градиште" од село Железнец, Битолска околија, а се овластува лицето Нове Трајановски, да ја потпишува задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 312/60. (675)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 5-IV-1960 година под рег. бр. 12, свеска III е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Христафил Кузмановски, досегашен потписник на Земјоделската задруга „11 октомври", од село Косел, Охридска околија, а се овластува Наумовски Н. Илија, сегашен управител, да ја потпишува задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 166/60. (680)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 10-V-1960 година под рег. бр. 43, свеска V е запишано следното: Им престанува овластувањето за потпишување на Миливој Лазески и Стојан Станоевски, досегашни потписници на Земјоделската задруга „Кула", од село Слатино, Охридска околија, а се овластуваат лицата Лазески Радивој, Видески Милан и Наумоски Томе да ја потпишуваат задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 311/60. (682)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 26-IV-1960 година под рег. бр. 6/55, свеска V е запишано следното: фирмата на Рудникот на манган „Цер", со седиште во пошта Дворци, Охридска околија, се менува и ќе гласи: Рудник на манган „Цер" со седиште во Кичево.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 281/60 . (708)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 26-IV-1960 година под рег. бр. 104, свеска III е запишано следното: Се менува фирмата на Јорганџиското производително и услужно претпријатие „Зора", со седиште во Охрид, и ќе гласи: Индустриско претпријатие за производство и промет „Зора" Охрид.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 283/60. (709)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 14-V-1960 година под рег. бр. 2/55, свеска II е запишано следното: Фирмата на Трговското претпријатие „Црници", со седиште во Прилеп, се менува и ќе гласи: Претпријатие за снабдување со месо, риби и преработки и вршење на кланички услуги „Црници", со седиште во Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 313/60. (710)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации на 30-IX-1959 година под ред. бр. 2, страна 52 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Кочани бр. 03-4418 од 6-VIII-1959 година се проширува дејноста на Претпријатието за Електро-инсталатерски услуги од Кочани и со водоинсталатерска дејност.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 242/59. (736)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите на 5-V-1959 година под ред. бр. 2, страна 12 е запишано следното: Горгиев Митев Никола, досегашен потписник на Општата земјоделска задруга „Бела Река" од с. Долни Липовик, Штипско, е разрешен од должност. За потписници на задругата се овластени Владо Стаменов Трајков, управник, и Коцев Милчев Киро, благајник.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи бр. 174/59. (746)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 212, страна 561 е запишано следното: Досегашните потписници на Фабриката за сапун и козметика „Цветан Димов" во Скопје и тоа: Зенделски Панче, директор, и Наковски Ристо се разрешени од должност и им престанува правото за потпишување.

Му престанува правото за потпишување и на Митковски Борис, технички раководител, кој и понатака останува на работа во фабриката.

За нови потписници на фабриката се назначени следните лица: Поповски Темелко, в.д. директор, назначен со решението на Народниот одбор на општината Кисела Вода — Скопје бр. 1727 од 7-III-1960 година, Никола Николов, шеф на комерцијалното одделение, и Шучуровиќ Драгомир, технички раководител. Тие фабриката ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето со стариот потписник Трајчев Јордан, сметано од 27-V-1960 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 374/60. (768)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 52, страна 207 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Маврово бр. 04-1824/1 од 20-V-1960 година дејноста на Земјоделската задруга „Кораб" во село Трница, Тетовска околија, во иднина се проширува и со откуп на крупен и ситен добиток, сметано од 2-VI-1960 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 385/60. (875)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните под рег. бр. 3, страна 5 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Кисела Вода — Скопје бр. 04-5386 од 18-V-1960 год. фирмата на Задружниот завод за домашни ракотворби во Скопје во иднина се менува и ќе гласи: Завод за домашни ракотворби „Мирка Гинова" — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 311/60. (890)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 23-V-1960 год. од рег. бр. 31/55, свеска II се брише Трговското претпријатие „Просвета", со седиште во Прилеп, поради припојувањето кон Книгоиздателството „Кочо Рацин" од Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 337/60. (907)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите под рег. бр. 46, страна 181 е запишано следното: Согласно со решението на Народниот одбор на општината Жеровјане бр. 04-6634/1 од 7-II-1959 година дејноста на Земјоделската задруга „Војводина" во село Ново Село, Тетовско, во иднина е:

1) земјоделско производство на општонародна земја земена под закуп или добиена на бесплатно користење;

2) организирање земјоделско производство на земјата на индивидуалните земјоделски производители преку создавање на разни видови кооперации;

3) укажување услуги на земјоделските производители со земјоделски машини и орудија, како и вршење други услуги што се во врска со земјоделското производство;

4) договарање вишоци од земјоделското производство од своето подрачје, преземање и нивни пласман;

5) снабдување на земјоделските производители со потребен репродукционен материјал (семе, вештачко ѓубре итн.);

6) преработка и доработка на земјоделски производи;

7) организирање на штедење и кредитирање;

8) стручно издигнување на кадри нужни за стопанската активност на задругата;

9) продажба на индустриски стоки;

10) преработка на млечни производи;

11) откуп на земјоделски производи.

Согласно со записникот од одржаното годишно собрание од 25-X-1958 година е сменет досегашниот управен одбор и за нов е избран: Целили Мустафа Амди, Алили Рамадана Сабан, Целили Абаза Ферат, Ислами Мурата Џеваир, Ибрахими Алима Алим, Гафури Ештрефа Селатин и Јонузи Сала Јонуз.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 382/60. (895)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека од регистарот на стопанските организации на 20-V-1960 год. од рег. бр. 20/55, свеска II се брише Трговското претпријатие „Колонијал", со седиште во Прилеп, поради припојувањето кон Трговското претпријатие „29 ноември" од Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи бр. 333/60. (909)

